Архивски број: 0801-328/4
13-12-2021 Година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-328 од 20.10.2021 поднесена од [redacted] од Нов Дојран против членови на стручен тим од Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјални работа- Гевгелија за извршена дискриминација врз основ на пол во областа на социјална сигурност и социјална заштита при остварувањето на родителското право, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 10.12.2021 го донесе следново

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** по основ на пол при остварувањето на родителското право во областа на социјалната сигурност и заштита, извршена од страна членови на стручен тим од ЈУ МЦСР- Гевгелија кон подносителот [redacted] од Нов Дојран.

## О б р а з л о ж е н и е

На 20.10.2021 година, во просториите на КСЗД беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Нов Дојран, заверена под бр. 0801-328 /1, за извршена директна дискриминација од страна на ЈУ МЦСР-Гевгелија и членови на стручниот тим по основ на пол при остварувањето на родителското право на подносителот на претставката. Во претставката тој тврди дека постапката не била водена согласно Стандардите и Упатствата за постапување на установите од социјална заштита. Подносителот тврди дека Центарот нецелосно ја утврдил фактичката состојба и направил суштествени повреди при водењето на постапките за упис на неговото малолетно дете во матичната евиденција и при уредувањето на правото на одржување на личните односи и непосредни контакти со малолетниот син, кој бил доверен на чување и воспитување на неговата поранешна сопруга, со негова согласност, која ја потенцира во претставката. Во истата, тој изразува недоверба во стручноста, непристрасноста и професионалноста на институцијата во целост, особено кон членовите на стручниот тим тврдејќи дека при контактите со него биле дискриминирачки настроени кон него како татко, затоа што ја фаворизирале мајката на детето и нејзините родителски права. Како докази за своите тврдења подносителот достави и обемна документација од неговата коресподенција со Центарот, со МТСП како второстепен орган за одлучување по жалби, Државниот трудов инспекторат, како и копија од поднесена кривична пријава до ОЈО Гевгелија против директорката на Центарот, социјалниот работник и правничката. Комисијата напоменува дека во документацијата доставена до Комисијата, документите за кривичната пријава до ОЈО, поднесени преку полномошник на подносителот, адвокат [redacted] од Струмица, Барањето до ЈУ МЦСР Гевгелија за определување лично име на малолетно дете-син на подносителот, Жалбата до МТСП Скопје, како и Пријавата за незаконитости при определувањето на личното име на малолетникот до ДТИ Скопје, се доставени без архивски прием и датум на достава и без доставена копија од полномошното за застапување на подносителот на претставката.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, заклучи дека тврдењето на подносителот е веројатно, па на 20.10.2021, со допис бр. 0801-328/2 го префрли товарот на докажување врз ЈУ МЦСР Гевгелија и побара од нив да се произнесат по наводите содржани во претставката.

На 29.10.2021, во архивата на КСЗД стигна нивното произнесување по наводите од претставката , бр.15-998/2, во кое ги отфрлаат наводите на подносителот дека извршиле дискриминација врз него по основ на пол при остварувањето на неговите родителски права. Во дописот ЈУ МЦСР Гевгелија наведува дека прв пат ги евидентирале како странките [redacted] од Стар Дојран и [redacted] од Нов Дојран во постапка за определување на лично име на малолетното дете што го добиле по разводот, родено на 17.10.2020 година. Заради нарушени меѓусебни односи, родителите не можејќи да се договорат за име на заедничкото дете, не го запишале во матична евиденција во законски предвидениот рок.

По барање од Управата за водење на матични книги Скопје, ЈУ МЦСР Гевгелија спровеле постапка и со Решение бр. 03-1099/10 од 16.12.2020 година и го определиле личното име на детето [redacted], со цел да се заштитат неговите права и интереси. Ова решение двата родители го обжалиле во Втростепена комисија при МТСП-Скопје, но и двете жалби биле одбиени.

Дополнително, Стручниот тим Центарот на 01.09.2021, согласно јавните овластувања предвидени во член 114 од Законот за социјална заштита (Сл.весник на РСМ бр.104/19) и Законот за семејство (Сл.весник на РСМ бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15) како орган кој врши Надзор над спроведувањето на родителското право над малолетни деца писмено ги предупредиле и двата родители дека несоодветно го извршуваат нивното родителско право. Во дописот тие информираат дека и мајката, преку полномошник- адвокат поднела барање за изземање на членови од стручниот тим сметајќи дека биле пристрасни кон таткото. И ова барање било одбиено како неосновано од страна на в.д. директорката на Центарот.

Исто така и последното Решение за уредување на лични односи и непосредни контакти број 15-734 од 04.08.2021 во кое се уредува видувањето на таткото со детето, било обжалено од двата родитела до Второстепена комисија за одлучување во МТСП, Скопје и жалбите на двата родитела биле одбиени како неосновани. Дополнително, ЈУ МЦСР Гевгелија потенцира дека при решавање по барањето на таткото за уредување на видувањето со детето постапувале водејќи сметка за потребите и правата на детето и сите постапки се водени во интерес на детето, укажувајќи дека не извршиле дискриминација по било кој основ.

Разгледувајќи ја целокупната документација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека наводите на подносителот дека бил дискриминиран од страна на членовите на стручниот тим што го воделе предметот во ЈУ МЦСР Гевгелија по основ на пол при определувањето на личното име на детето и остварувањето на неговите родителски права за одржување на лични контакти со малолетното дете како родител со кого детето не живее, **се неосновани**, бидејќи решенијата на Центарот од Гевгелија како и одлуките на МТСП во однос на жалбите од страна и на двата родители на малолетното дете, покажуваат дека тие не давале предност на ниту еден од родителите, врз каква било основа.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

При утврдувањето на фактичката состојба Комисијата утврди дека тврдењата на подносителот дека му било повредено родителското право при определувањето на името на неговото малолетно дете **се неосновани,** бидејќи како родители на детето и тој и неговата поранешна сопруга, заради нарушена меѓусебна комуникација, не успеале да се договорат за личното име на новороденчето, по што, согласно чл.45 и чл.50 од Законот за семејство, затоа што не поминале 300 дена од разводот, а по барање на Управата за водење на матичните книги Скопје, Центарот го определил името на малолетното дете, определиле **привремен старател за посебен случај** и извршиле упис во матичната евиденција.

Кога подносителот на 22.12.2020 година поднел барање за уредување право на воспоставување и одржување лични односи и непосредни контакти на малолетното дете кое не живее со него, **Центарот со право го одбил** истото, затоа што детето сè уште не било впишано во матичната книга на родените, со податоци за родителите. Мајката го впишала детето во евиденцијата дури на 24.02.2021 година при што го впишала подносителот како татко на детето. Тогаш Центарот, со Решение бр.15-1285 од 24.02.2021, го признала правото на таткото за одржување на лични контакти со детето, со динамика во која се земени во предвид возраста и најдобриот интерес на детето.

Согласно погоре наведеното, Комисијата утврди дека постапките и решенијата од страна на ЈУ МЦСР Гевгелија **не го довеле подносителот во нееднаква положба при остварувањето на неговите родителски права во споредба со мајката на малолетното дете, и со истите не го ограничиле во уживањето на неговите родителски права на еднаква основа со мајката**, имајќи во предвид дека сите жалби на двата родитела се еднакво одбивани. Со еднакво постапување на барањата на двата родитела, односно со самото тоа што сите барања им се еднакво одбивани, јасно се гледа дека стручниот тим ги третирал подеднакво двата родитела со почит кон нивната личност и со укажување како да се однесуваат еден кон друг и кон детето согласно неговата возраст.

Од приложената документација, Комисијата констатира дека секогаш биле земени предвид нивните дописи и е постапувано благовремено по нив. Комисијата исто така го зеде во предвид и фактот дека ЈУ МЦСР Гевгелија склучиле Меморандум за соработка со Прв семеен центар "Хера" за што родителите добиле Решение за упатување на советување поради нарушена меѓусебна комуникација и неусогласени родителски ставови.

Во врска со одлуките на определената динамика на контактите, Комисијата смета дека нема ниту мандат ниту стручна компетенција да ја проценува работата на стручните тимови што работат во центрите за социјална заштита, поради што одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација Скопје

Доставено до:
1.[redacted] Нов Дојран
2.ЈУ МЦС, Ул Маршал Тито бб Гевгелија


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk